Киро МАВРОСКИ

# ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА ПРОГРАМИРАНА НАСТАВА ПО ИСТОРИЈА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Денес во современата настава по историја се повеќе навлегува индивидуалната форма на наставна работа. Причините за тоа се многубројни: фронталниот облик на наставната работа, како доминантен облик, е насочен кон замислен просечен ученик при што се занемаруваат индивидуалните разлики меѓу учениците, кои притоа се недоволно стимулирани за активно и свесно учество во наставниот процес[1]. Овие недостатоци доаѓаат во судир со основните дидактички принципи, принципот на индивидуалност[2] и принципот на свесна активност на учениците во наставата[3], што доведува до постепено напуштање на овој облик на работа и навлегување на индивидуалниот облик на наставна работа. Начинот пак како ќе биде изведен овој облик на работа зависи од трудољубивоста, креативноста и од методската подготвеност на самиот предметен наставник. Дали тоа ќе биде изведено по пат на изработка на одредени задачи прилагодени кон можностите и желбите на учениците, или по пат на прилагодени тестови или со програмирана настава, е избор на самиот наставник.

Програмираната настава како еден од облиците на индивидуалниот облик на работа се појавила во 1954 година разработена од страна на американскиот психолог Скинер[4]. Во нашата методичка литература напатствија дава Љубомир Трајковски[5]. Следејќи ги неговите напатствија, како и другите кои ги има во достапната литература, беше обработена наставната единица Културата во Македонија X-XVIII предвидена за изучување во VI одделение[6].

---

[1] Светозар Наумовски, Методски прирачник за наставата по историја (Методика за наставата по историја), "Просветно дело", Скопје, 1991, 26.

[2] Nedeljko Trnavac i Jovan Djorjević, Pedagogija, Beograd, 1992, 218-220.

[3] Ibidem., 212-215.

[4] Ibid., 251.

[5] Љубомир Трајковски, Програмирана настава во наставата по историја, "Просветен работник", XLIII, Скопје, 15.03.1996, 7.

[6] Оваа наставна единица беше изведена во VI 5 одд. при ОУ "Љубен Лапе" во Скопје.

Тип на час: Усвојување на ново градиво

Наставна единица: Културата во Македонија X-XVIII век

Наставна тема-целина: Македонија од XV-XVIII век

## 1. Поединечни задачи кои треба да се реализираат на часот

а) *Образовно-функционални*:

Да се запознаат учениците со културните достигнувања во Македонија во периодот од VI-XVIII.

б) *Воспитни:*

Да се развие љубов кај учениците кон културното богатство на Македонија како и правилно да го вреднуваат тоа богатство.

в) *Непосредни корелации:*

Материјалот се корелира со претходно изучениот материјал односно со наставните единици: Населување на Словените на Балканскиот Полуостров, Населување на Словените во Македонија, Развојот на словенската писменост и култура, Мисиите на браќата светите Кирил и Методиј и создавањето на словенската азбука, Потпаѓање на Македонија под османлиската власт, Хуманизам и ренесанса и Охридската архиепископија до нејзиното укинување[7].

## 2. Организација и материјално-технички услови на часот.

Слики: Св. Пантелејмон од село Нерези, Св. Климент, скопското Кале, Маркови кули, Самуиловата тврдина, Св. Наум на брегот на Охридското Езеро, Св. Јован Канео, иконата Св. Ѓорѓија, манастир Св. Архангел, Оплакување Христово од Нерези, иконите Воведение на Пресвета Богородица, Св. Јован Претеча со житие, Исус Христос, Богородица одигитрија, Скопје-гравура од XVI век, три резби, Прилеп-реконструкција на А. Дероко, грб на Македонија, Исак-бегова џамија, внатрешност на џамија[8].

Програмиран материјал и контролни прашања.

## 3. Наставни форми и методи.

На часот преовладува индивидуален облик на работа. Од наставните методи се употребени: монолошка, дијалошка, демонстративна и текст-метода.

---

[7] При корелирањето беше посветено големо внимание со цел да се сублимира претходно изучениот материјал, односно реализирање на принципот на систематичност.

[8] Сликите групирани според содржините се поставени на ѕидовите за да им се создаде на учениците атмосфера на друго време и простор а и за да можат самите да ги осознаваат културните текови. Сликите имаат најмалку А3 формат.

## 4. Содржинска артикулација на часот

а) *воведен дел:*

На учениците им најавувам дека наставната единица Културата во Македонија X-XVIII век ќе ја учат на, за нив, нов начин[9], и им ги давам листовите со програмирана содржина:

- им објаснувам дека е поделена на 12 целини;
- секоја целина внимателно да ја читаат, а потоа да одговорат на поставените прашања;
- внимателно да ги следат напатствијата;
- за нејасните работи да ме прашуваат;
- време за работа е 25 мин. и
- им посакувам успешна работа.

б) *главен дел:*

Во овој дел од часот учениците ја обработуваат програмираната содржина при што будно внимавам на точноста во извршувањето на поставените задачи. Притоа, со соодветни интервенции им помагам на учениците. Во продолжение следи програмираната содржина.

### Прва дидактичка целина

Словените во Македонија се доселиле кон крајот на VI и почетокот на VII век. Тие уште од тогаш имале извесна писменост, односно се служеле со црти и рецки. Подоцна, под влијание на староседелците го примиле христијанството и христијанската култура. Пишувањето со црти и рецки постепено било заменето со пишување со грчки букви. Така било сè до времето на Константин Филозоф-Кирил, кога тој во 855 г. со помош на брат му Методиј ја создал првата словенска азбука - глаголицата. Оваа азбука нашла примена во Охридската книжевна школа.

1. Со кои букви се служеле Словените за време, а и по населувањето на Балканскиот Полуостров?

а)________________________________________________________________

2. Кога била создадена првата словенска азбука и од кого?

а)________________________________________________________________

3. Во која книжевна школа нашла примена глаголицата?

а)________________________________________________________________

### Втора дидактичка целина

Глаголицата, освен во Македонија, нашла примена и кај останатите словенски народи. Но, веќе од X век во употреба влегува и новата словен-

[9] Учениците за првпат се сретнаа со програмирана настава и програмиран материјал.

ска азбука-кирилицата. За тоа ни сведочи надгробната плоча на родителите на цар Самуил од 993 година (стр. 51). Сепак глаголицата останала во употреба до XIII век кога била целосно истисната од кирилицата.

1. Кој е првиот споменик со кирилско писмо?

а)______________________________________________________

2. До кога била во употреба глаголицата?

а)______________________________________________________

3. Споредете ги глаголицата (стр. 39) и кирилицата (стр. 51) и кажете кое писмо е поедноставно и кое писмо наликува на ова со кое се служиме денес?

а)______________________________________________________

**Трета дидактичка целина**

Во средновековниот период основни книжевни центри и места каде што се препишувале книгите биле манастирите. Во Македонија ги има повеќе книжевни центри, а најзначајни се: Охридскиот, Светогорскиот, Лесновскиот и Скопскиот.

Со доаѓањето на Турците во XIV век привремено замира дејноста во овие книжевни центри. Книгоиздавачката дејност повторно заживува во XVI и XVII век, кога во Македонија се појавуваат и првите печатари на книги: Мелетиј Македонски, Стефан Охридски и Нектариј Битолски. Во средината на XVIII век во Виена се појавило делото Стематографија од Христифор Жефаровиќ од Дојран, во кое го има и македонскиот грб.

1. Каде се наоѓале печатниците на книги во средновековниот период?

а)______________________________________________________

2. На кој начин тие се изработувале?

а)______________________________________________________

3. Кои биле најзначајни книжевни центри во Македонија?

а)______________________________________________________

4. Кога (во кој век) се појавиле печатниците во Европа а кога во Македонија?

а)______________________________________________________

5. Зошто е значајно делото Стематографија?

а)______________________________________________________

**Четврта дидактичка целина**

Со доаѓањето на Турците настанува пресврт и во книжевноста. Литературната дејност на христијанските книжевни центри во периодот од XIV-XVII век опаѓа, додека пак се појавуваат голем број турски

книжевни творци. Центри на нивната дејност се Скопје, Тетово, Битола, Кратово. Најпознати творци се: Атаи, Ускуби, Зари, Фериди, Исак, Челеби (од Скопје), Ашик Челеби, Зухури Челеби, Сулејман Ајани (од Битола), Суџуди и Тулуи од Тетово и Заифи од Кратово.

1. Чија литературна дејност е во подем во периодот од XV-XVII век во Македонија?

а)________________________________________________________________

2. Наброј неколку творци!

а)________________________________________________________________

**Петта дидактичка целина**

Во шестиот и седмиот век како резултат на словенската преселба голем број од тогашните градови во Македонија биле разурнати. Некои од нив подоцна не биле воопшто обновени како што е Стоби, додека пак други постепено станувале големи средновековни градови како што се: Скопје, Прилеп, (види ги сликите) кои биле големи трговско-занаетчиски и културни центри. Како сведоци на тој развој ги имаме остатоците од тврдините од Охрид (стр. 53), Скопско кале (види ја сликата), Маркови кули кај Прилеп (види ја сликата), Исарот кај Штип и тн.

1. Што се случувало со градовите за време на доселувањето на Словените?

а)________________________________________________________________

2. Кои градови ги знаеш како позначајни средновековни центри?

а)________________________________________________________________

3. Кои се позначајни остатоци од градови во Македонија кои нѝ сведочат за архитектурата во Македонија во овој период?

а)________________________________________________________________

**Шеста дидактичка целина**

Веќе знаеме дека Словените по доселувањето во Македонија под влијание на староседелците го примиле христијанството што нашло и соодветен одраз и во црковно-градежната дејност. За тоа ни сведочат и големиот број изградени цркви од IX век. Такви се: Климентовата, Наумовата, Св. Софија во Охрид, потоа Св. Ахил во Преспа и тн. Потребно е да се напомене и тоа дека биле обновувани и црквите кои настрадале во времето на преселбата на Словените.

1. Која била причината за големиот број изградени цркви во IX и X век?

а)________________________________________________________________

2. Наброј неколку новоизградени цркви!

а)________________________________________________________________

**Седма дидактичка целина**

Истовремено со развојот на црковно-градежната дејност се развива и фреско-сликарството (живописот). Причината за тоа да се развие е во тоа што со фреските (кои претставуваат слики на светци изработени на ѕидот од црквата) на посетителот на црквата му се наметнува впечаток дека се наоѓа во божји дом (што е всушност и улогата на црквата). До денес се сочувани голем број фрески на чиј уметнички квалитет и денес се восхитуваме. Голема вредност имаат фреските од црквите: Св. Софија, Св. Богородица-Струшко (стр.67), црквите во Нерези (види ја сликата), Курбиново и Св. Никола во Прилеп.

1. Кој уметнички правец почнал да се развива како последица на развојот на архитектурата?

а)________________________________________

2. Наброј неколку цркви во кои има вредни фрески!

а)________________________________________

**Осма дидактичка целина**

Покрај фреско-сликарството се развила и друга гранка на уметноста а тоа е иконописот. Македонските цркви биле исполнети со икони на кои биле насликани ликовите на Исус Христос (стр. 20 и види слика) и на други светци (види слики). Најрано се изработени теракотните (керамичките) икони од Виница, кои настанале во V-VI век, додека пак најценети се иконите кои настанале во охридскиот и струмичкиот крај, идните центри на македонската уметничка школа.

1. Кои се најраните икони од Македонија?

а)________________________________________

2. Кои се центрите на македонската уметничка школа?

а)________________________________________

3. Што се сликало на иконите?

а)________________________________________

**Деветта дидактичка целина**

Скромни резултати биле постигнати и во скулпторството. Најзначајно познато дело е скулптурата на Св. Климент (стр. 41) од XIV век и е изрботена од дрво.

1. Кое е најзначајното скулптурно дело?

а)________________________________________

**Десетта дидактичка целина**

Во Македонија во подем била и музичката уметност, а се развила под влијание на византиската музика. Познато е дека војската на цар Самуил поседувала музички инструменти - труби и трумбети.

Влијанието на византиската музика не било еднонасочно, туку македонските творци дале свој придонес во нејзиниот развој. Најзначаен е Јован Кукузел (XIII-XIV век) кој потекнувал од реканскиот крај. Тој е основоположник на новото нотно писмо на Источната (Православната) црква и е реформатор на византиската музика. Тој во своите дела внел и елементи од македонскиот народен мелос.

1. Со кои инструменти располагала војската на цар Самуил?

а)__________________________________________

2. Кое е значењето на Јован Кукузел за византиската музика?

а)__________________________________________

3. Кое е неговото значење за македонската музика?

а)__________________________________________

**Единаесетта дидактичка целина**

Со доаѓањето на Турците во Македонија станува пресврт и во архитектурата и уметноста, исто како и во литературата. Сите гранки на уметноста се развивале во духот на исламската култура, така што градовите постепено добивале ориентален изглед. Биле градени: џамии (молитвени домови), медреси (училишта), амами (јавни бањи), караван-сараи (анови) и тн. Особено значајни се: Даут-пашиниот амам (стр. 113) и Исак-беговата џамија (види ја сликата).

1. Каков пресврт настанува во архитектурата со доаѓањето на Турците?

а)__________________________________________

2. Наброј неколку позначајни архитектонски објекти од овој период!

а)__________________________________________

**Дванаесетта дидактичка целина**

Од седумнаесеттиот век повторно почнува да заживува христијанската уметност во Македонија. Најзначајна гранка која почнала да се развива во тој период е резбарството. За неговиот развој најголема улога одиграла Света Гора. Под влијание на светогорските уметници и во Македонија почнале да се изработуваат раскошни дела кои до денес ги красат македонските цркви. Најзначајни дела од овој период се во црквите: Св. Архангел во село Кучевишта и Св. Никола во с. Слепче, Прилепско.

1. Кога се развило резбарството во Македонија?
а)________________________________________
2. Во кои цркви се најзначајните дела?
а)________________________________________

За сите овие поставени прашања имаше предвидено и одговори. Тие се:

I

1. За време на доаѓањето на Балканскиот Полуостров Словените се служеле со црти и рецки, а потоа се служеле со грчки букви.
2. Глаголицата била создадена во 855 г. од браќата светите Кирил и Методиј
3. Глаголицата нашла примена во Охридската книжевна школа.

II

1. Прв споменик на кирилското писмо е надгробната плоча на родителите на цар Самуил од 993 г.
2. Глаголицата била во употреба до XIII век.
3. Поедноставна е кирилицата, а и денешново писмо потекнува од неа.

III

1. Печатниците на книги се наоѓале во црквите и манастирите.
2. Книгите биле рачно изработувани.
3. Најзначајни книжевни центри биле: Охридскиот, Лесновскиот, Светогорскиот и Скопскиот.
4. Печатниците во Европа се појавиле во 1440 г., а во Македонија во XVIII век.
5. Во тоа дело го има грбот на Македонија.

IV

1. Во периодот од XV-XVIII век во Македонија во подем била исламската уметност.
2. Атаи, Ускуби, Зари, Фериди, Исак Челеби, Суџуди, Тулуи и тн.

V

1. Голем број од тогашните градови во Македонија биле разурнати во текот на доселувањето на Словените на Балканскиот Полуостров.
2. Позначајни средновековни центри биле: Скопје, Охрид и Прилеп.
3. Позначајни архитектурни остатоци се: Скопското кале, Маркови кули, тврдината на цар Самуил во Охрид, Исарот кај Штип итн.

VI

1. Големиот број изградени цркви е последица од примањето на христијанството и христијанската култура.
2. Позначајни се: Св. Климент, Св. Наум и Св. Софија.

VII

1. Како последица од развојот на црковната архитектура се развило фреско-сликарството.
2. Св. Софија, Св. Богородица-Струмичко, Нерези, Курбиново итн.

VIII

1. Најрани икони во Македонија се теракотните икони во Виница.
2. Центри на Македонската уметничка школа се Охрид и Струмица.
3. На иконите се сликале ликовите на Исус Христос и на други светци.

IX

1. Најзначајна скулптура е на Св. Климент од XIV век, изработена од дрво.

X

1. Војската на цар Самуил располагала со труби и трумбети.
2. Јован Кукузел е основоположник на новото нотно писмо, т.е. тој е реформатор на византиската музика.
3. Неговото значење за Македонија е во тоа што тој во своите дела внесувал елементи од македонскиот народен мелос.

XI

1. Со доаѓањето на Турците станува голем пресврт. Изградбата на христијански објекти стагнира, а се градат муслимански објекти.
2. Даут-пашиниот амам и Исак-беговата џамија.

XII

1. Резбарството во Македонија почнало да се развива во XVII век.
2. Св. Архангел во с. Кучевиште и Св. Никола во с. Слепче, Прилепско.

в. *Завршен дел:*

Во овој дел на часот учениците ги добиваат контролните прашања кои се конципирани во 3 групи: за подобрите ученици 3 група, средните 1, а за послабите 2 група[10].

I. **Група**

Дополни што е испуштено:

1. Во______година, Кирил и Методиј ја создале___________.
2. Во периодот од XV-XVII век во Македонија се развива________________________________.
3. Во средината на XVIII век во Виена излегло делото__________ во кое се наоѓа________________________________________________

[10] Прашањата за солидните и средните ученици се конципирани на когнитивно ниво на ниво на знаење во два облика: ниво на вистинско знаење и знаење со помош на одредени средства. Прашањата пак за послабите ученици се формирани на рекогнитивно ниво (ниво на препознавање). Посебно прашање е тоа како би ги поделил во практиката учениците. Јас тоа го направив врз основа на изведувањето на работните задачи односно врз основа на тоа како кој ја довршува поставената задача, што сепак не е вистински начин за одредување на нивоата на знаењето и можностите на учениците.

II. **Група**
Заокружи го точниот одговор:
1. Првиот споменик со кирилско писмо е од:
   а) X век
   б) XI век
   в) XII век
2. Делото Стематографија го напишал:
   а) Нектариј Битолски
   б) Стефан Охридски
   в) Христифор Жефаровиќ
3. Најраните икони се од:
   а) Виница
   б) Охрид
   в) Струмица

III. **Група**
Одговорете кратко на поставените прашања:
1. Што се случило со градовите во Македонија во време на доселувањето на Словените?
2. Што претставуваат црквите?
3. Што се случува со христијанската уметност во периодот од XIV-XVII век?

**Одговори:**

I. **Група**
1. Во 855 светите Кирил и Методиј ја создале глаголицата.
2. Во периодот од XV до XVII век во Македонија се развила исламската уметност.
3. Во средината на XVIII век во Виена излегло делото Стематографија во кое го има грбот на Македонија.

II. **Група**
1. а.
2. б.
3. в.

III. **Група**

1. Градовите во Македонија во време на доселувањето на Словените биле разурнати и опустошени.
2. Црквите претставуваат “божји домови”.
3. Христијанската уметност во периодот XIV-XVII стагнира.

Ова беше начинот на обработување на наставните содржини од оваа наставна единица. Сега би било интересно да се согледаат постигнатите резултати од овој начин на работа.

| ученици | 8 | 5 | 5 | 5 | 5 | 3 | 1 | 2 | 0 | 0 | 34 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| број на грешки | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | |

Горнава табела нѝ го покажува бројот на грешки кои ги направиле учениците. "Таткото" на програмираната настава смета дека дозволен број грешки е 5%, но при многу ситни чекори[11]. Но, при вака големи чекори сметам дека може да се дозволи грешка од 10%. Ако се воспостави математичка равенка, ќе се добие дека дозволен број на грешки се 3, од што произлегува дека 23 ученици успешно ја извршиле задачата, додека 11 ученици не успеале да ја поминат таа граница од 10% што наведува на заклучок дека за да биде успешно применет ваквиот облик на работа потребни се мали одделенија што би овозможило континуирано следење на постигнатите резултати на учениците како и за давање дообјаснувања од страна на наставниот работник.

Сега е потребно да наведеме на што се должат покажаните грешки. Најголем број грешки (15) учениците направија кај III/4 прашање односно при обидот да се изврши трансфер во знаењето и корелирањето со наставната единица: Хуманизам и ренесанса. Следно прашање на коешто имаше голем број погрешни одговори (7) е II/3. Причината за тоа е недоволната упатеност на учениците во употребата на учебникот и илустрациите во него како и недоволното објаснување на илустрацијата на глаголското писмо од страна на авторот на учебникот. Голем проблем кај учениците претставуваа и V/1 и VI/1, односно прашањата во коишто требаше да одговорат со свое мислење врз основа на дотогаш наученото.

Следен сегмент на којшто треба да му се посвети внимание е времетраењето на часот и потребното време за да се изврши поставената задача. Се покажа дека на 4 ученици не им е доволно поставеното време, при што до крајот на часот еден ученик не стигна да ја дообработи 12-та целина, додека други 3 ученици не успеале да ги обработат 10, 11, 12-та целина, што е одраз на индивидуалните карактеристики и на разликите во потребното време за совладување на еден материјал[12].

---

[11] Jelena Vučić, Pedagoška psihologija, 140.

[12] Љ. Трајковски, оп.цит. точка 4, вели дека информациите за точните одговори им се презентираат веднаш по извршувањето на предвидените задачи. Но, ова во практика е тешко да се реализира поради фактот што треба цел клас да работи истовремено, што е сосема неверојатно да се постигне во практиката.

Како последица на ова се појави и четврта група во завршниот дел, група која не беше во состојба да одговори на петминутниот прашалник поради недостиг на време, нивниот вкупен број е 6, односно, покрај веќе споменатите четири ученици кои не ја извршија целосно поставената задача, имаше уште двајца кои стигнаа само да ја обработат наставната единица.

На учениците кои беа предвидени како слаби им беа дадени 10 ливчиња со прашања од 2 група. Сите одговори се точни.

На предвидената група од средни ученици им беа дадени 7 ливчиња од 1 група. Погрешни одговори има на второто прашање кадешто наместо бараниот одговор исламска уметност, одговориле христијанска уметност. Причината за оваа грешка е секако недоволната прецизност во поставувањето на прашањето.

Во групата на солидни ученици беа дадени 11 ливчиња со прашања од трета група. Одговорите на нив беа солидни. Погрешни одговори имаше на третото прашање и тоа 4.

Тоа би било сè за квантитативното претставување на резултатите од овој час. Сега ќе им посветиме малку внимание на квалитативните резултати.

1. Употребата на големиот број слики и нивното поставување на ѕидовите од училницата го промени секојдневниот сив амбиент и предизвика интерес и очекување на следните настани и предизвика љубопитство кон поставените слики и книги.

2. Кон поставените работни задачи учениците се однесуваа искрено и со сета своја сила и умеење.

3. Релацијата наставник - ученик има сосема подруги димензии, поквалитетни во однос на фронталниот облик на работа. Секако, тоа се должи на новата наставникова улога којшто сега се јавува како помагач во самостојната работа на ученикот. Како последица на оваа нова димензија на новосоздадените интерактивни односи на релација наставник-ученик се и прашањата кои ги поставуваат учениците. Тие прашања се поконструктивни и послободни во споредба со вообичаените.

4. Иако сите ученици работат на ист програмиран текст, тие во текот на работата го прилагодуваат кон своите индивидуални карактеристики, односно на сопственото темпо на учење како и на сопствениот начин на размислување.

5. Како резултат на различното темпо на работа и учење, учениците кои побрзо ги извршуваат своите задачи, односно оние кои се, условно речено, посолидни ученици веднаш сакаат да преминат на дополнителна литература. Особено внимание покажаа кон книгите Грбовите на Македонија од А. Матковски и Културното богатство на Македонија.

6. Како резултат на добро научената наставна единица е реализиран и принципот на трајност на усвоените знаења. Тоа се покажа и на следните часови кога е извршено повторување на оваа наставна единица.

7. Со употребата на овој облик на наставна работа учениците стекнуваат знаења и навики за користење на учебникот како основно учебно помагало. За тоа да се реализира помагаат соодветните забелешки од страна на оној кој ја подготвува наставната единица за обработување на овој начин.

Како заклучок на сето ова што е погоре изнесено би кажал дека овој облик на наставна работа има многу позитивни страни во споредба со фронталниот облик на работа. За овие позитивни страни веќе пишувавме на соодветни места, па затоа сега ќе ги наведеме и посебните барања кои треба да се исполнат за успешно да се извршат поставените задачи.

1. Сите ученици работат на ист материјал којшто подоцна треба самите да го прилагодат на сопствените можности.

2. Потребна е соодветна техничка опременост на училиштето за мултиплицирање на подготвените материјали и слики.

3. Училиштето треба да има соодветна историска библиотека која ќе може да одговори на посебните барања кои ги поставува самиот начин на подготовка и обработка на текстот, како и да може да одговори на желбите на учениците.

Наставните работници кои ќе го прифатат овој начин на работа како еден од многубројните начини, треба постојано стручно и методски да се надградуваат за да можат успешно да ја извршат наставната задача.